**Поставување на контекстот**

Високото образование, истражувањето и иновацијата играат клучна улога во поддршката на социјалната кохезија, економскиот пораст и глобалната конкурентност. Земајќи ја предвид желбата да европските општества сѐ повеќе се основаат на знаење, високото образование е основниот составен дел на социјално-економскиот и културниот развој. Истовремено, сѐ поголемата побарувачка за вештини и способности бара од високото образование да одговори на истата на нови начини.

Поширок пристап до високото образование е можност за високообразовните институции да ја искористат сѐ поголемата разновидност на индивидуални искуства. За да се одговори на разновидноста и на растечките очекувања за високо образование потребна е суштествена промена во обезбедувањето на високото образование; потребен е пристап кон учењето и наставата во кој студентот е поставен во центарот, пристап во кој се прифаќаат флексибилни патеки на учење и во кој се признаваат способности стекнати надвор од формалните наставни планови. Самите високообразовни институции исто така стануваат поразновидни во нивните мисии и во начините на обезбедување на образованието и соработката, вклучувајќи и пораст на интернационализацијата, дигиталното учење и новите форми на доставување.[2] Улогата на обезбедување на квалитет е од суштинско значење за поддржување на високообразовните системи и институции со цел тие да одговорат на овие промени, истовремено осигурувајќи дека квалификациите со кои се здобиваат студентите, како и нивното искуство поврзано со високото образование, остануваат главни мисии на институциите.